МЕПСО

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Максим Горки бр.4, 1000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОГМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.-Nr. 05-2593
03.04.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До

НАДЗОРЕН ОДБОР на АД МЕПСО
- Тука -

Предмет: Доставување на Консолидиран Годишен Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2023 година

Почитувани,

Во прилог на дописов го доставуваме на разгледување и одобрување Консолидираниот Годишен Финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2023 година

Со почит,

Служба за оперативен контролинг, план и анализа
Ангелина Петреска

ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР на АД МЕПСО
Zuhdi Enuz

КО:
- Кабинет на Генерален Директор
- Служба за оперативен контролинг, план и анализа
- Оддел за правни работи
- Архива

МЕПСО



# Консолидиран Годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО во 2023 година

# СОДРЖИНА

Вовед........................................................................................................................................3
Остварени приходи во 2023 година ..........................................................................................4
Остварени расходи во 2023 година............................................................................................5
Консолидиран финансиски резултат – добивка ......................................................................6
Пренесена количина на електрична енергија и регулирана тарифа.......................................7
Резиме.......................................................................................................................................7

# Вовед

АД МЕПСО е компанија во целосна државна сопственост, која е формирана во 2005 година, со трансформација на Електростопанство на Македонија. Основна дејност на АД МЕПСО е непречен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа и редовен навремен ток на електрична енергија до своите клиенти: директните потрошувачи и до дистрибутивните мрежи на АД ЕВН Македонија и ЕСМ Енергетика.

Основните функции на АД МЕПСО се пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем. АД МЕПСО е одговорен за редовен пренос на електрична енергија од македонската граница до дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија и директните потрошувачи, исто така го организира и диспечира транзитот на електрична енергија, а воедно се грижи и за балансирањето на електроенергетскиот систем.

АД МЕПСО врши целосно, навремено и постојано остварување на јавниот интерес – навремен и стабилен пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа, а воедно обезбедува управување со доверлив и стабилен електро-енергетски систем.

АД МЕПСО Скопје со состојба на 31.12.2023 година има вложувања во македонскиот оператор на пазар на електрична енергија-МЕМО ДООЕЛ Скопје, основна главнина, запишан и уплатен капитал во вкупен износ од 115.743.000 денари.

Со одвојувањето на МЕМО ДООЕЛ Скопје, како посебен правен субјект од 01 октомври 2019 година, Националниот оператор на пазар на електрична енергија води посебна евиденција за сите финансиски и останати деловни активности од своето работење, ги евидентира приходите од регулираната енергетска дејност пазар, приходите и расходите од повластените производители на електрична енергија, како и останатите приходи и расходи, плати, амортизација и сл.

Согласно Одлуката на Владата на РСМ донесена во септември 2020 година МЕМО се назначува за Оператор на организираниот пазар на електрична енергија, при што следуваат активности за исполнување на потребните технички услови со цел воспоставување и започнување со организираниот пазар на електрична енергија во РСМ. Согласно Законот за енергетика од 2018 година и со либерализацијата на пазарот на електрична енергија, во месец мај од 2023 година стартуваше со работа македонската берза на електрична енергија, со основна цел да се добијат референтни цени и релевантни цени за потрошувачите во нашата земја.

Консолидираниот годишен финансиски извештај за работењето на АД МЕПСО за 2023 година ги содржи остварените деловни и финансиски податоци за работењето на електропреносниот систем оператор - АД МЕПСО за тековната 2023 година и остварените деловни и финансиски податоци од работењето во 2023 година на Националниот оператор на пазар на електрична енергија- МЕМО ДООЕЛ Скопје.

# Остварени приходи во 2023 година

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) за 2023 година на АД МЕПСО од Друштвото кое е консолидирано, дополнително се евидентирани приходи на износ од 4.215.267 илјади денари, така што вкупните приходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 8.551.747 илјади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување и изнесуваат 12.676.080 илјади денари.

Имено во деловната 2023 година во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО остварените вкупни приходи во висина од 12.676.080 илјади денари или 206,11 милиони евра, се резултат на остварените приходи на АД МЕПСО на износ од 8.551.747 илјади денари или 139,05 милиони евра и остварените приходи од МЕМО ДООЕЛ – Скопје во висина од 4.215.567 илјади денари или 68,54 милиони евра.

Од остварените приходи најзначаен е приходот од основната, регулирана дејност пренос на електрична енергија, кој изнесува 1.706.238 илјади денари или 27,74 милиони евра, приходот од пазарот на електрична енергија е остварен во вредност од 57.585 илјади денари или 0,94 милиони евра, приходот од алокација на прекуграничните преносни капацитети е остварен во вредност од 4.605.616 илјади денари или 74,89 милиони евра, а приходите од продажбата на електрична енергија набавена од повластените производители изнесуваат 2.018.195 илјади денари или 32,82 милиони евра, приходите од продажба на електрината енергија на берза се во вредност од 2.074.504 илјади денари или 33,73 милиони евра.

Во останатите повисоки реализирани приходи во 2023 година учествуваат и приходите од балансирањето на износ од 1.020.323 илјади денари или 16,59 милиони евра, приходи од компензација Fskar на износ од 520.875 илјади денари или 8,47 милиони евра, приходите од дебаланс 52.106 илјади денари или 0,85 милиони евра, а сите останати приходи, (транзит, грант, камати, приклучоци, приходи од надомест на штети, приходи од поранешни години и приходи по други основи) изнесуваат 620.638 или 10,09 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни приходи во 2023 година на износ од 12.676.080 илјади денари или 206,11 милиони евра бележат намалување од 14% во однос од остварените консолидирани вкупни приходи во 2022 година на износ од 14.696.257 илјади денари (238,96 милиони евра) или се пониски за 2.020.177 илјади денари или 32,85 милиони евра.

Имено, реализираните приходи од регулираните енергетски дејности од 1.763.823 илјади денари во 2023 година бележат намалување од 22% или 497.814 илјади денари, компарирајќи ги со остварените од минатата година во висина од 2.261.637 илјади денари. Приходите од регулираните енергетски дејности бележат намалување пред се поради намалената регулирана просечна тарифа за пренос и корегираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија. Имено, регулираната просечна тарифа за пренос во периодот од јануари до јуни од 2022 година изнесуваше 0,3409 ден/kWh и е зголемена за 23,77 % во однос на претрходната која изнесува 0,2754 ден/kWh, во периодот од јули до декември од 2022 година изнесува 0,3407 ден/kWh т.е намалена за 0,03%. Просечната тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија во периодот од јануари до јуни од 2022 година изнесуваше 0,0080 ден/kWh, додека во периодот од јули до декември од 2022 година изнесуваше 0,0086 ден/kWh, односно е зголемена за 6,96%.

Регулираната просечна тарифа за пренос во првото полугодие од 2023 година изнесува 0,3113 ден/kWh и е намалена за 8,66 % во однос на претходната 0,3407 ден/kWh. Во втората половина од 2023 година т.е во периодот од 1 јули до крајот на 2023 година во примена е регулираната просечна тарифа за пренос која изнесува изнесува 0,2582 ден/kWh која е намалена во однос на претходната 0,3113 ден/kWh за 17,06%. Просечната тарифа за организирање и

управување со пазарот на електрична енергија во првата половина од 2023 година изнесуваше 0,0086 ден/kWh, додека во втората половина од 2023 година изнесува 0,0090 ден/kWh, односно е зголемена за 5,29%.

Исто така и пренесените количини на електрична енергија во 2023 година од 5.891 GWh се за 506 GWh пониски или за 8% пониски во однос на пренесените количини од 6.397 GWh во 2022 година.

Во тековната 2023 година споредено со 2022 година, намалување од 414.370 илјади денари или 55% бележат приходите од системските услуги или балансната енергија, исто така евидентиран е износ на средства по основ на дебаланс пазар од 52.106 илјади денари, а минатата година беа евидентирани приходи по тој основ во висина од 127.920 илјади денари. Намалување брележат и приходите од компензација Fskar за 53% или 890.892 илјади денари.

Истовремено намалување бележат приходите од продажбата на електрична енергија набавена од повластените производители кои изнесуваат 2.018.195 илјади денари или 32,82 милиони евра, т.е се намалени за 13% во однос на минатогодишните остварувања на износ од 2.316.465 илјади денари или 37,67 милиони евра. Намалување има и кај приходите по основ на баласирање за 68%, минатата 2022 година остварени 3.193.617 илјади денари или 51,93 милиони евра, во 2023 година реализирани се на износ од 1.020.323 илјади денари или 16,59 милиони евра.

Приходите по основ на доделување на прекуграничните преносни капацитети, алокација се повисоки за 5% или 205.699 илјади денари, зголемени се приходите по основ на транзит, користење на интерконективните системи за четири пати или 112.146 илјади денари, исто така пораст бележат приходите од надомест на штети поради добиениот бонус за 2019 година од осигурителната компанија Винер Виена Иншуренс груп во вредност од 3.858 илјади денари.

# Остварени расходи во 2023 година

Во Консолидираниот Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба) од Друштвото кое се консолидира дополнително се евидентирани трошоци од работењето со што вкупните расходи на АД МЕПСО во Билансот на успех од 7.645.097 илјади денари во консолидираниот биланс имаат зголемување од 4.226.014 илјади денари т.е изнесуваат 11.779.877 илјади денари.

Во деловната 2023 година во консолидираниот Биланс на успех на АД МЕПСО, вкупните расходи во висина од 11.779.877 илјади денари или 191,54 милиони евра се повисоки од расходите на АД МЕПСО на износ од 7.645.097 илјади денари за остварените расходи во МЕМО ДООЕЛ Скопје, во вредност од 4.226.014 илјади денари или 68,71 милиони евра.

Остварените консолидирани вкупни расходи во 2023 година на износ од 11.779.877 илјади денари или 206,11 милиони евра бележат намалување од 11% во однос од остварените консолидирани вкупни расходи во 2022 година на износ од 13.292.211 илјади денари (216,13 милиони евра) или се пониски за 1.512.334 илјади денари или 24,59 милиони евра.

Во консолидираниот биланс на успех, поголеми ставки на расходи претставуваат амортизацијата на износ од 490.370 илјади денари или 7,97 милиони евра, трошоците за балансен капацитет во вредност од 1.747.412 илјади денари или 28,41 милиони евра, трошоци за балансна енергија во вредност од 947.482 илјади денари или 15,41 милиони евра, трошоците за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во преносната мрежа на износ од 1.168.809 илјади денари или 19,01 милиони евра, трошоците за бруто плати на износ од 560.145 илјади денари или 9,11 милиони евра, трошоците за алокација на прекугранични преносни капацитети на износ од 1.122.237 илјади денари или 18,25 милиони евра, како и трошоците за набавка на електрична енергија од повластените производители во износ од 1.976.109 илјади денари или 32,13 милиони,

Трошоците за набавка на електрична енергија од берза во вредност од 2.074.504 илјади денари или 33,73 милиони евра, трошоците за ITC во висина од 57.796 илјади денари или 0,94 милиони евра, компензација -Fskar механизам во вредност од 524.212 илјади денари или 8,52 милиони евра како и трошоците за отстапувања БОС на износ од 281.877 илјади денари или 4,58 милиони евра.

Исто така значајни се и трошоците за материјали, енергија, резервни делови и ситен инвентар кои се реализираа на износ од 37.318 илјади денари или 0,61 милиони евра, трошоците за сопствена потрошувачка во висина од 45.940 илјади денари или 0,75 милиони евра, инвестиционото и тековното одржување во висина од 103.502 илјади денари или 1,68 милиони евра, премиите за осигурување се остварени во износ од 28.149 илјади денари или 0,46 милиони евра, вкупните обврски за камати по кредити и добавувачи изнесуваат 57.762 илјади денари или 0,94 милиони евра, трошоци за изгубени спорови 1.768 илјади денари или 0,03 милиони евра, порамнување на отстапување дебаланс во вредност 56.701 илјади денари или 0,92 милиони евра.

Еднократниот износ на трошок за данокот на солидарност во 2023 година се реализира на износ од 186.090 илјади денари или 3,03 милиони евра .

Останатите материјални и нематеријални трошоци, на износ од 311.694 илјади денари или 5,07 милиони евра ги вклучуваат трошоците за транспортни услуги, банкарските услуги, трошоците на платниот промет, дневници за службени патувања во земјата и странство, патните трошоци, трошоците за стручно образование и технолошко усовршување, интелектуалните услуги како и трошоците за пропаганда, промоции, реклама, репрезентација, трошоци за вработените, даноци кои не зависат од резултат и сл.

## Консолидиран финансиски резултат – добивка

Во деловната 2023 година АД МЕПСО оствари консолидиран вкупен приход во висина од 12.676.080 илјади денари и консолидиран вкупен расход на износ од 11.779.877 илјади денари и консолидирана добивка во висина од 896.203 илјади денари.

Имено, во деловната 2023 година само АД МЕПСО-електропреносниот систем оператор оствари вкупен приход во висина од 8.551.747 илјади денари, вкупен расход во износ од 7.645.097 илјади денари и добивка од редовното работење во висина од 906.650 илјади денари.

Националниот оператор на пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ- Скопје во деловната 2023 година оствари вкупни приходи во висина од 4.215.567 илјади денари и вкупни расходи во висина од 4.226.014 илјади денари или загуба од редовното работење во висина од 10.447 илјади денари.

Поради тоа, консолидирано АД МЕПСО оствари позитивен финансиски резултат од редовното работење во висина од 896.203 илјади денари (добивка пред оданочување) или 14.572.407 евра.

# Пренесена количина на електрична енергија и регулирана тарифа

Вкупно пренесените количини на електрична енергија од 5.891 GWh во 2023 година се за 506 GWh пониски или 8% од пренесените количини на електрична енергија од 6.397 GWh во 2022 година.

Регулираната просечна тарифа за услугата пренос на електрична енергија одобрена од Регулаторната комисија за енергетика (РКЕВУ) до 30.06.2023 година изнесуваше 0,3113 ден/kWh, а од 01.07 до 31.12. 2023 година е намалена за 17,06% и изнесува 0,2582 ден/kWh.

Регулираната просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија одобрена од РКЕВУ до 30.06.2023 година изнесуваше 0,0086 ден/kWh, а од 01.07.до 31.12.2023 година 0,0090 ден/kWh, односно е зголемена за 5,29 %.

# Резиме

Во консолидираните финансиски извештаи на АД МЕПСО за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година остварени се вкупни приходи во висина од 12.676.080 илјади денари или 206,11 милиони евра, што е 14% пониско споредено со остварените консолидирани вкупни приходи за 2022 година во висина од 14.696.257 илјади денари или 238,96 милиони евра.

Консолидираните вкупни расходи во деловната 2023 година изнесуваат 11.779.877 илјади денари или 191,54 милиони евра, што значи дека се 11% пониски споредено со остварените консолидирани расходи за 2022 година на износ од 13.292.211 илјади денари, односно 216,13 милиони евра.

**Во деловната 2023 година АД МЕПСО оствари консолидиран позитивен финансиски резултат – добивка пред оданочување од 896.203 илјади денари или 14,57 милиони евра.**

Во минатата 2022 година консолидираниот позитивен финансиски резултат – добивка пред оданочување изнесуваше 1.404.046 илјади денари или 22,83 милиони евра.

**Консолидирани приходи и расходи- трошоци на АД МЕПСО**

| | 2022 година | | 2023 година | | разлика 2023-2022 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | индекс |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(4-2) | 7(5-3) | 8(4/2) |
| **1 приходи** | 14.696.257 | 238.963.528 | 12.676.080 | 206.115.122 | (2.020.177) | (32.848.407) | 86 |
| **2 расходи** | 13.292.211 | 216.133.512 | 11.779.877 | 191.542.715 | (1.512.334) | (24.590.797) | 89 |
| **добивка - загуба(1-2)** | **1.404.046** | **22.830.016** | **896.203** | **14.572.407** | **(507.843)** | **(8.257.610)** | **64** |

Во Годишната сметка на АД МЕПСО Скопје за 2023 година остварени се следните финансиски резултати искажани во следната табела:

**Консолидирани приходи и расходи- трошоци на АД МЕПСО за 2023 година - остварување**

| | АД МЕПСО | | МЕМО ДООЕЛ Скопје | | АД МЕПСО консолидирано | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра | 000 ден | во евра |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6(4+2) | 7(5+3) |
| **1 приходи** | 8.551.747 | 139.052.797 | 4.215.567 | 68.545.805 | 12.676.080 | 206.115.122 |
| **2 расходи** | 7.645.097 | 124.310.520 | 4.226.014 | 68.715.675 | 11.779.877 | 191.542.715 |
| **добивка - загуба(1-2)** | **906.650** | **14.742.276** | **(10.447)** | **(169.870)** | **896.203** | **14.572.407** |

**Прилог:**

- **Табела бр.1 Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2023 година-консолидирана**
- **Табела бр.1а Приходи и расходи од финансиското работење на АД МЕПСО за 2022 и 2023 година-консолидирана**
- **Табела бр.2 Биланс на состојба на АД МЕПСО за 2023 година - консолидирана**

Изработил:
Служба за оперативен контролинг, план и анализа
Ангелина Петреска, дипл.ек

УО бр. 02 - 2375/3
27.03.2024 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ на УПРАВЕН ОДБОР
Zuhdi Enuz

Табела бр. 2

# Биланс на состојба -
## (Извештај за финансиската состојба ) на АД МЕПСО
## состојба на 31.12.2023 година - КОНСОЛИДИРАНА

(во 000 ден.)

| елементи | МЕПСО (31.12.2023) | уч. % | МЕПСО (31.12.2022) | уч. % | индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | | | |
| А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА) | 8.620.553 | 62 | 8.435.216 | 61 | 102 |
| **1.Нематеријални средства** | 39.569 | 0 | 48.360 | 0 | 82 |
| - издатоци за истражувања и развој | - | - | - | - | |
| - концесии, патенти, лиценци ,заштитни знаци и други права | 7.249 | 0 | 16.040 | 0 | 45 |
| - нематеријални средства во подготовка | 32.320 | 0 | 32.320 | 0 | 100 |
| **2.Материјални средства** | 8.574.075 | 62 | 8.379.947 | 61 | 102 |
| **- Недвижности (a+b)** | 4.059.588 | 29 | 4.263.803 | 31 | 95 |
| а. Земјишта и шуми | 39.200 | 0 | 32.729 | 0 | 120 |
| б. Градежни објекти | 4.020.366 | 29 | 4.231.074 | 31 | 95 |
| - Постројки и опрема | 1.877.207 | 14 | 2.019.954 | 15 | 93 |
| - Транспортни средства | 12.573 | 0 | 33.492 | 0 | 38 |
| - Алат, погон и канц и инвент. имебел | 99.645 | 1 | 134.723 | 1 | 74 |
| - Аванси за материјални средства | 233.162 | 2 | 178.814 | 1 | 130 |
| - Материјални средства во поготовка | 2.290.667 | 16 | 1.748.146 | 13 | 131 |
| - Останати материјални средства | 1.015 | 0 | 1.015 | 0 | 100 |
| **3. Вложувања во недвижности** | - | - | - | - | |
| **4. Долгорочни финаисиски средства** | 6.909 | 0 | 6.909 | 0 | 100 |
| - вложуања ао подружници | - | - | - | - | |
| - вложув во придр.друштва и учество вцо заедн.влож. zaedi | 6.909 | 0 | 6.909 | 0 | 100 |
| - влож. во долг.хартии од вредност | - | - | - | - | |
| а) алож. во хартии од вредност кои са чуваат до доспевањ | - | - | - | - | |
| b) влож. во карти од вред.располож за продажба | - | - | - | - | |
| - остенати долг. фин средства | - | - | - | - | |
| **5. Долгорочии побарувања** | - | - | - | - | |
| **6. Одложени даночни средства** | - | - | - | - | |
| Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (обртни средства) | 4.984.632 | 36 | 4.151.526 | 30 | |
| **1.Залихи** | 50.117 | 0 | 52.324 | 0 | |
| - на суровини и материјали | 10.935 | 0 | 12.793 | 0 | 65 |
| - на рез. делови, ситен инввнт., амбалажа и автогуми, | 39.162 | 0 | 39.531 | 0 | 99 |
| **2. Средства за отуѓ. намеивти за прод. и прек** | - | - | - | - | |
| **3. Краткорочии побарувања** | 2.448.672 | 18 | 1.648.391 | 12 | 149 |
| - побарувања од поврзани субјекти | - | - | - | - | |
| - побарувања од купувачите | 2.312.530 | 17 | 1.591.543 | 12 | 145 |
| - побаруеања од дадени аванси | 6.659 | 0 | 2.999 | 0 | 222 |
| - побар. од држ. по основ на даноци , прид. , царини | 127.557 | 1 | 53.105 | 0 | 240 |
| - побарувања од вработенитв | 1.926 | 0 | 637 | 0 | 302 |
| - останати краткорочни побарувања | - | - | 107 | 0 | - |
| **4. Краткорочин финаисиски средства** | 498.483 | 4 | 40.156 | 0 | 1.241 |
| - побарувања по дадени заеми | 498.383 | 4 | 40.058 | 0 | 1.244 |
| - останати краткорочни побарувања | 100 | 0 | 100 | 0 | 100 |
| **5 Паричнн средства и паричнн еквив.** | 1.967.360 | 14 | 2.410.653 | 17 | 82 |
| **6. Платени трош. за идии пвриоди и пресм. прих. (АВР)** | 291.955 | 2 | 1.219.245 | 9 | 24 |
| **ВКУПНА АКТИВА (А+Б+ 6)** | 13.897.140 | 100 | 13.805.987 | 100 | 101 |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА** | 7.795 | | 7.795 | | |
| **ПАСИВА** | | | | | |
| А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ | 9.003.462 | 65 | 6.189.915 | 59 | 110 |
| **I. Основиа главнина** | 3.356.310 | 24 | 3.356.310 | 24 | 100 |
| II. Премии за емитирани акции | - | | - | - | |
| III. Сопствени акции | - | | - | - | |
| IV Запишан неплатен капитал | - | | - | - | |
| **V. Рев. резерва и разлики одод вредн.свопф добив** | 60.903 | 0 | 80.903 | 0 | 100 |
| **VI. Резерви** | 3.302.049 | 24 | 3.244.093 | 23 | 102 |
| 1. Законски реезерви | 365.591 | 3 | 302.992 | 2 | 121 |
| 2. Статутарни резврви | - | | - | - | |
| 3. Останати разерви | 2.936.456 | | 2.941.101 | 21 | 100 |
| VII Акумулирана добивка | 1.470.653 | 11 | 276.630 | 2 | 532 |
| VIII Пренесвна добивка | - | - | - | - | |
| IX Добивка за деловната година | 613.547 | 8 | 1.251.979 | 9 | 65 |
| X Загуба за деловнате година | - | - | - | - | |
| XI Главнина на сопствениците на матичното друштво | - | - | - | - | |
| XII Неконтриолирано учвство | - | - | - | - | |
| Б. ОБВРСКИ | 3.416.643 | 25 | 2.922.902 | 21 | 117 |
| **I. Долгорочнн резервирања за ризици и трошоци** | - | - | - | - | |
| **II. Долгорочни обврски** | 1.344.571 | 10 | 1.568.208 | 11 | 86 |
| - обврски за аванси, депозити и кауции | - | - | - | - | |
| - обврски по основ на заеми и кредити | 1.344.571 | 10 | 1.566.206 | 11 | 86 |
| **III. Одложени даночни обврски** | | | | - | |
| **IV. Краткорочни обврски** | 2.074.072 | 15 | 1.354.894 | 10 | 153 |
| 1. - обврски спрема поврзани друштеа | - | - | - | - | |
| 2. - обврски спрема добавувачи | 619.664 | 8 | 632.655 | 5 | 130 |
| 3. - обврски за аванси, депозити и кауции | 936.076 | 7 | 284.095 | 2 | 329 |
| 4 .- обврски за даноци и придонеси на плата и надомести о | 1 | 0 | - | - | |
| 5. - обврски кон вработените | 3 | 0 | | - | |
| 6. - тековни даночни обврски | 23.093 | 0 | 127.037 | 1 | 16 |
| 7. - краткорочни резервирање за ризици и трошоци | - | - | - | - | |
| 8. - обврски по основ на заеми и кредити | 292.833 | 2 | 308.796 | 2 | 95 |
| 9. - останати обврски | 2.360 | 0 | 2.109 | 0 | 113 |
| V. ОДЛОЖЕНИ ПЛАЌАЊА НА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ ( ПВР ) | 1.475.035 | 11 | 2.893.170 | 20 | 55 |
| **VI. Обврски по осиов иа иетековни средства** | - | - | - | - | |
| **ВКУПНА ПАСИВА (А+Б+V)** | 13.897.140 | 100 | 13.805.987 | 100 | 101 |
| **ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - ПАСИВА** | 7.795 | | 7.795 | | |